ПроКредит Банка АД
бул. Јане Сандански 109а Скопје

| Примено: 20.07.2009 | | | |
| --- | --- | --- | --- |
| Орг. Един. | Број: | Прилог: | Вредност: |
| 010101 | 6635-1 | | |

СОЈУЗ НА СТОПАНСКИ КОМОРИ НА МАКЕДОНИЈА
Стопанска Интересна Заедница
Бр. 0101-224/09
09.07.2009 год.
СКОПЈЕ

# ДОГОВОР ЗА ПАРТНЕРСКА СОРАБОТКА

Склучен во Скопје на ден 09.07.2009 година помеѓу:

1. **Сојуз на стопански комори,** со седиште на ул. Прашка 23, Скопје, со матичен број 589952 и даночен број 4030004520115 претставуван од Владимир Матевски, извршен директор (во натамошниот текст: ССК ) и

2. **ПроКредит Банка АД Скопје**, со седиште на бул. Јане Сандански бр.109а во Скопје, претставувана од Јованка Јолеска Поповска, Емилија Спировска и Валентина Трајчева Никовска, членови на Управниот одбор (во натамошниот текст: Банка)

**Член 1**

Предмет на овој Договор е уредување на правата и обврските за продлабочена соработка во вид на партнерство помеѓу ССК и Банката утврдена врз основа на добра волја и меѓусебни преговори за ваков тип на соработка.

**Член 2**

ССК согласно договореното и доделува на Банката статус на Партнер на сите настани и манифестации што се во организација на ССК во периодот на времетраење на Договорот од 1 (една) година, сметано од датумот кога истиот ќе биде потпишан од двете договорни страни.

**Член 3**

Двете договорни страни се обврзуваат во интерес на добра деловна соработка, заеднички да ги реализираат следните активности:

- организирање на конференција за печат на која ќе го најават партнерскиот однос и концептот на соработка;
- организирање на 4 бизнис средби со членките на ССК, на кои Банката ќе ги претстави своите услуги и можностите за финансирање на стопанството;
- организирање на бизнис форум на кој ќе присуствуваат членките на ССК, со цел размена на бизнис искуства;
- организирање на тренинзи и работилници за сметководители и финансиски менаџери на мали и средни претпријатија, членки на ССК, на теми поврзани со финансиски услуги;
- поддршка во други слични активности, на барање на Банката.

**Член 4**

ССК и обезбедува на Банката привилегиран статус на партнер за времетраење на овој Договор со овозможување на следните услуги:

- поставување на лого на Банката на банерот на ССК;
- поставување на лого на Банката на лифлетот на ССК и друг рекламен материјал;

ЈК